# „Наредено ми е да направам сеџда со седум делови од телото

Ибн Абас, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Наредено ми е да направам сеџда со седум делови од телото: челото – и покажа со раката кон носот, дланките, колената и врвовите на стапалата. Исто така, ми беше наредено притоа да не ги собирам алиштата и косата.“
[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни кажал дека Аллах му наредил кога клања намаз и паѓа на сеџда да го направи тоа со седум делови од телото; а тие се: Прво: челото, тоа е горниот рамен дел од лицето, над носот и очите, Аллаховиот пратеник, алејхи селам, покажал со својата рака кон носот, појаснувајќи дека челото и носот се еден орган од тие седум делови, и со тоа потврдил дека тој што прави сеџда треба ја допре земјата со носот. Второ и трето: рацете. Четврто и петто: колената. Шесто и седмо: прстите на нозете. Пратеникот ни забранил да си ја врзуваме косата и да си ја собираме облеката при извршувањето на сеџдата додека се спуштаме на земјата, за да ги заштитиме. Напротив, потребно е да ја оставиме косата и облеката да ја допираат земјата, па и тие да направат сеџда со останатите делови на телото.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee